02-100-4673/1 23 -08- 2024

**Комерцијална банка АД Скопје**
**Дирекција за вршење на услуги со хартии од вредност**
Васил Иљоски бр.3
1000 Скопје

**Понуда за преземање**

Комерцијална банка АД Скопје, банкарска институција регистрирана во Република Северна Македонија со службена адреса на Васил Иљоски бр.3, 1000 Скопје, со ЕМБС 4065573, како овластено правно лице за работење со хартии од вредност и преземач, во согласност со член 16 и член 20 од Законот за преземање на акционерски друштва (Службен весник на РСМ бр.69/2013, 188/2013, 166/2014, 154/2015, 23/2016, 248/2018 и 31/2020), (во понатамошниот текст „Банката“ или „Преземачот“), ја дава следнава

**ПОНУДА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ**

на сите акции издадени од Стопанска банка АД Битола со седиште на ул. Добривое Радосављевиќ бр.21, Битола, Р. Северна Македонија, регистрирана во Централниот регистар на Република Северна Македонија со даночен број МК4002995103351 и ЕМБС 5026377.

1. Понудата за преземање се однесува на:
- Вид и род: Понудата за преземање се однесува на обични акции со право на глас издадени од Стопанска банка АД Битола.
- Број на хартии од вредност на кои се однесува понудата за преземање: Понудата за преземање се однесува на сите 390.977 обични акции со право на глас издадени од Стопанска банка АД Битола со ИСИН број: MKSBTB101013.

2. Понудата за преземање се однесува на сите акционери кои поседуваат акции со право на глас издадени од Стопанска банка А.Д. Битола.

   Преземачот се обврзува да ја купи секоја обична акција со право на глас издадена од Стопанска банка АД Битола во согласност со пропишаните и објавените услови.

3. Преземачот се обврзува да ги откупи сите 390.977 обични акции со право на глас по цена од 3.200,00 денари по акција.

   Утврдената цена по која ќе се откупуваат акциите кои се предмет на понудата за преземање е за 16,78% повисока од просечната цена на тргување на акциите издадени од Стопанска банка АД Битола на Македонската берза на хартии од вредност во последните 12 месеци пред известувањето за намерата за преземање. Просечната цена на тргување на акциите во последните 12 месеци пред известувањето за намерата за преземање изнесува 2.740,21 денари.

   На имателите на хартии од вредност нема да им се наплатуваат трошоци за прифаќање на понудата за преземање, односно сите трошоци во врска со понудата за преземање ги сноси Преземачот.



ул. Васил Иљоски бр. 3, 1000 Скопје
(02) 3125 273; (02) 3125 274; (02) 3109 039; cabinet.office@kb.mk; www.kb.mk

4. Преземачот на сметка на Централниот депозитар за хартии од вредност уплати сопствени средства во вкупен износ од 1.251.126.400,00 денари, согласно член 34 од Законот за преземање на акционерски друштва.

   Плаќањето на акционерите кои ја прифатиле понудата за преземање се врши со исплата на парични средства од страна на Централниот депозитар за хартии од вредност во рокот предвиден во член 50 од Законот за преземање на акционерски друштва, односно во рок од 8 (осум) дена по приемот на Решението од Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија со кое се утврдува успешноста на понудата за преземање.

5. Рокот на прифаќање на понудата за преземање започнува од денот на првото објавување на понудата за преземање, и ќе заврши 28 календарски дена по започнувањето на рокот за прифаќање на понудата за преземање.

   Рокот за прифаќање на понудата за преземање започнува на 26.08.2024 година и завршува на 22.09.2024 година.

6. Понудата за преземање се однесува на сите акции определени во точка 1.

   Најмала количина на обични акции со право на глас, на кои се однесува понудата за преземање, која треба да биде прифатена за понудата за преземање да се смета за успешна, е 261.956 обични акции со право на глас, што претставува 67% плус 1 акција од вкупниот број обични акции со право на глас издадени од Стопанска банка АД Битола.

7. Понудата за преземање е дадена без услови за раскинување од член 17 од Законот за преземање на акционерски друштва.

Скопје, 23.08.2024 година

**Управен одбор на Комерцијална банка АД Скопје**

**Главен директор за корпоративно банкарство**
Билјана Максимовска Поповиќ

**Главен оперативен директор**
Илија Илоски

**Главен извршен директор**
Хари Костов

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ 03



ул. Васил Иљоски бр. 3, 1000 Скопје
(02) 3125 273; (02) 3125 274; (02) 3109 039; cabinet.office@kb.mk; www.kb.mk